

Томо Владимирски: Мртва природа, 1952, масло

ВЕЧЕР ВО МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ

# РЕТРОСПЕКТИВА НА ТОМО ВЛАДИМИРСКИ

● НА ОВАА ИЗЛОЖБА, ТВОРЕШТВОТО НА ВЛАДИМИРСКИ, ЌЕ БИДЕ ПРЕТСТАВЕНО ПРЕКУ СЛИКИ, ЦРТЕЖИ, АКВАРЕЛИ И СКИЦИ ЗА СЦЕНОГРАФИЈА

Вечер во 18 часот во големата изложбена сала на Музејот на современата уметност во Скопје академикот Тодор Скаловски ќе ја отвори ретроспекливната изложба на истакнатиот македонски пејзажист, еден од основоположниците на македонското современо сликарство — Томо Владимирски. Владимирски, иако целиот свој работен век го помина професионално врзан за сценографијата, на оваа изложба е третиран пред сѐ како сликар. Ќе може да видиме 120 негови слики, цртежи и акварели и 40 скици за сценографија. Изложените експонати се работени во периодот од 1933 до крајот на животот на уметникот, до 1971 година. Застапен е со експонати со разнообразна тематика, онака како што и сликаше — тоа се мотиви од Радика, Вардар, македонски пејзажи. И на оваа ретроспективна изложба, која е направена со голем труд, ќе се потсетиме на делата на Владимирски што се одликуваат со карактеристичната гама за овој сликар — студените сини и зелени бои.

Ретроспективата на Владимирски е 12.та по ред изложба од ваков карактер што Музејот на современата уметност од Скопје ја организира во рамките на својата долгорочна програма. Оваа изложба е шеста по ред ретроспектива што е придружена со монографија која ја издаваат „Македонска книга“ и Музејот. И во оваа прилика би посочиле на корисноста на овој потег на издавачите, чие дело доаѓа да пополни една празнина што токму се однесува на ваков вид литература кај нас. Предговорот на монографијата, што претставува своевиден прилог кон македонската ликовна критичка мисла опфаќајќи го целосно животот, ликовното и сценографското творештво на Владимирски, како и подготовката на изложбата се на кустотсот на Музејот, Слободанка Парлиќ — Баришиќ. Монографијата за Владимирски е печатена двојазично, на македонски и англиски јазик. **С. Ѓ.**